Билјана ВАНКОВСКА

УДК: 355.45:327.5

# ХУМАНА БЕЗБЕДНОСТ: МЕЃУ НАУКАТА И ГЛОБАЛНАТА ПОЛИТИКА

***Куса содржина***

*Концептот на хумана безбедност е еден од најмногу користените пледоаjеа за операциите на разни меѓународни организации и институции, но како што покажува и анализата, тој сè уште е предмет на разни дубиози во научната теорија. Во последните години хуманата безбедност е и предмет на секуритизација која овозможува најразлични проблеми на човековото живеење да се довадат во сферата на безбедноста и да се решаваат со безбедносни механизми. Најновиот пример кој се анализира е обидот за промоција на нова надворешна и безбедносна политика на ЕУ низ т.н. Доктрина на хумана безбедност за Европа. Може да се заклучи дека за најмоќните држави и меѓународни актери хуманата безбедност е само еден вид на надворешна политика, која дури и не успева да се ослободи од извесна доза на милитаризација. Од друга страна, многу малку држави сфаќаат дека потенцијалот на хуманата безбедност лежи во потребата таа да стане неизоставен дел на секоја национална (внатрешна) политика. Од териска гледна точка, хуманата безбедност е можеби хибриден и нејасен научен концепт, но е компатибилен со веќе изградените концепти за базичните човекови потреби, теоријата на позитивниот мир и на филозофијата на универзални човекови права.*

***Клучни зборови:*** *ХУМАНА БЕЗБЕДНОСТ, СЕКУРИТИЗАЦИЈА, КОНФЛИКТ, ОН, ЕУ.*

## 1. Место вовед

Интермецото на ентузијазам во врска со изградбата на новиот светски поредок и мировната дивиденда по уривањето на Берлинскиот ѕид траеше многу кратко. Во новиот милениум човештвото со себе го внесе наследството на старите сфаќања и методи за решавање на најгорливите проблеми на глобален, регионален или национален

нален план. Ако нешто воопшто се измени тоа е реториката со која се оправдуваат акциите и концептите кои треба да покажат степен на иновативно и креативно размислување кај најважните светски актери. Како најинтересни се издвојуваат концептите на хумана безбедност, хуманитарна интервенција, пост-конфликтно градење на мирот, менаџирање со кризи (или конфликти) и слично. Оваа нова терминологија набрзо се вгнезди во т.н. донаторска заедница или во она што Томас Каротерс убаво го именува како глобална chatter-class (група на луѓе која само дебатира – кажано во слободен превод).[1] Сè уште е точна констатацијата дека т.н. policy-community е многу пореспонсивна за разни концепти, кои служат како фундамент за нејзините стратегии и акции, отколку што самата научна заедница успева да го раздели она што е празна флоскула од она што е издржан концепт. Како што со право укажуваат некои автори, дури и кога постојат солидни научни анализи, донаторската заедница ретко кога има слух и време за имплементација на сугерираните предлози.[2] Последицата од таквиот јаз и недоразбирање помеѓу науката и политиката (сфатена како policy) е отсуство на позитивни резултати и кумулација на проблемите. Концептот на хумана безбедност ја докажа својата практична релевантност низ глобалната акција за донесување на меѓународната конвенција за забрана на употреба на нагазните мини и во воспоставувањето на Меѓународниот кривичен суд. Сепак, дури и во овие случаи забележливи се сериозни проблеми во нивната имплементација. Така изгледа дека пролиферацијата на нови концепти и терминологии (т.н. buzz-words или catch-words) е проследена со пролиферација на човечките страдања во светот во кој доминира реал-политик заснован на концептот на моќта. На почетокот на 21 век, светот останува заробен во односите од минатото, без храброст и креативност за излез од сегашната глобална криза.

Еден од најпопуларните, но истовремено и најконтроверзните концепти на денешнината е концептот на хуманата (или човечката, индивидуалната) безбедност. Причината за тоа се должи на фактот што генеричката врска меѓу овој концепт и оној на безбедноста (во најопшта смисла на зборот) е тесно поврзана, а нишката што ги поврзува е процесот на секуритизација. Сето ова се случува во рамките

[1] Thomas Carothers, „Think Again: Civil Society", *Foreign Policy*, Winter 1999-2000 (http://www.ciaonet.org/olj/fp/fp_99cat01.html) (26 February, 2002).

[2] Andrew Mack, „Conflict Prevention: Academic Research and the Policy Community", *Journal of Peace Research*, vol. 39, no. 5, 2002.

на современите меѓународни односи, па затоа и тешко може да се објасни без познавање на теоријата и праксата на меѓународните односи. Концептот на човечка безбедност, во основа, требаше да биде обид за редефинирање на глобалната безбедносна агенда, и како таков беше перцепиран како револуционерен чин кој конечно фокусот на интересот ќе го сврти од безбедноста на државите кон безбедноста на луѓето. Десетина години подоцна овој концепт претставува оксиморон, со сè уште неразјаснета академска суштина и широчина, а веќе се соочува и со конкретни обиди за компромитација и обезвреднување. Наместо да се инсистира на научна елаборација и на неа заснована практична имплементација, тој се користи се повеќе во орвелијански цели за (пре)именување на цврстата безбедност и етички сомнителна надворешна политика во нешто што е поприфатливо за светската јавност. Родена во пазувите на ОН, денес хуманата безбедност ја користат сите актери на глобалната сцена кога сакаат да ги оправдаат своите акции и безбедносни стратегии. Најновиот пример, кој заслужува посебно внимание, е т.н. Доктрина на хумана безбедност на Европа.

## 2. „Идеја која функционира“: Теориска рамка како луксуз

Дебатата околу хуманата безбедност како концепт кој функционира во праксата, но не и во теоријата потсетува на старите француски филозофи кои одбивале да расправаат за такви концепти. Концептот на хумана безбедност (сè уште) не е инхерентно научен концепт. Тој потсетува на еден друг популарен неологизам „одржлив развој“: сите се за него, но никој точно не знае што тој значи.[3] Сепак, потенцијалот на концептот во светот на реалните односи е таков, што ретко која научна анализа од областа на безбедносните студии или меѓународните односи може да го игнорира. Дијалогот со научната заедница се индуцира низ два колосека: едниот кој се обидува да ги открие, односно зацврсти научните фундаменти на концептот (особено во комуникација со некои веќе постоечки влијателни концепти) – и другиот, кој влегува во дијалог по повод акциите водени во име на хуманата безбедност, и кој служи или за нивно демаскирање или оправдување (зависно од позицијата на авторот).

[3] Roland Paris, „Human Security: Paradigm Shift or Hot Air?“, *International Security,* vol. 26, no.2, 2001.

Прогресивноста на секој научен концепт лежи во неговата хуманост, односно во моќта да го промовира човечкото суштество, неговата благосостојба, среќа и достоинство. И хуманата безбедност се темели на сите прогресивни идеи и концепти создавани во текот на човештвото, а иновацијата која ја нуди треба да се бара во видоизменетите услови во кои егзистира поединецот, односно во новите безбедносни закани кои ја загрозуваат неговата егзистенција и сигурност. Парадигмата на хуманата безбедност треба да се бара меѓу двата пола на оксиморонот: меѓу сето она што се однесува на гаранциите на човековата личност и неговите слободи и права, како и она што се однесува на безбедноста воопшто, новите безбедносни закани и начините на заштита од истите. Бидејќи ваквите односи стануваат глобални, тоа автоматски ги вклучува и констелациите кои се однесуваат на меѓународните односи и меѓународната безбедност. Концептот на секуритизацијата ја внесува и политичко-социјалната димензија на феноменот на безбедноста, која освен низ својата класична и обејктивна димензија (воена, стратешка и државоцентрична) може да се посматра и како социјална конструкција (безбедноста како говорен акт)[4]. Затоа важно да се потенцира интердисциплинарноста на концептот. Оваа карактеристика му дава и широчина, но може и да се посматра како една од главните причини за неговата еластичност, па дури и неконзистентност. Како во старата приказна за слепите мудреци и слонот, секој аналитичар може да види различна суштина во концептот и да ја земе како предоминантна, иако неговата призма на гледање е ограничена со параметрите на соодветната научна дисциплина.

После првичниот ентузијазам на науката да дојде до дефиниција за хуманата безбедност и напливот на дефиниции, ваквите амбиции одеднаш замреа. Денес ретко кој и се навраќа на теорискиот вакуум, а задоволството се црпи од (наводната) функционалност на концептот. Меѓу најактуелните прашања кои се појавија паралелно со промовирањето на концептот во меѓународната политичка и безбедносна заедница можат да се наведат следните: Кој е академскиот дом на хуманата безбедност? На кое научно поле му припаѓа концептот? Кои се круцијалните теориски проблеми поврзани со него? Каква е иднината на концептот, на практичен и на теориски

---

[4] Ole Wæver, "Securitization and Desecuritization". Vo: Ronnie Lipschutz (ed.), z*On Security*, New York: Columbia University Press, 1995.

план особено во моменталниот глобален контекст? Но дебатата згасна и пред целосно да процвета.

Гледано низ емпириска призма, т.е. низ бројот на акции кои се повикуваат на хуманата безбедност, изгледа дека животоспособноста на концептот не зависи од неговата теориска недограденост. Уште поинтересно, концептот во практиката покажува неверојатна можност од екстензија. Широчината на спектарот на облиците на егзистирање на безбедноста и небезбедноста им одат на рака на различните перспективи кои ги заземаат и промовираат оние кои се задолжени (или сметаат дека се повикани) да се справат со небезбедноста во светот. Флексибилноста на хуманата безбедност придонесува за нејзината атрактивност – концептот секогаш може да биде скроен според барањата на надворешно-политичките приоритети на една влада или меѓународна организација. Од научен аспект, токму овој момент треба да алармира, бидејќи укажува на подложноста на хуманата безбедност кон секуритизација и манипулација. Без јасен научен и етички контекст, хуманата безбедност може да стане синоним за воен хуманитаризам од типот на НАТО интервенцијата од 1999 година или војната на САД против режимот на Садам Хусеин.

И покрај разногласието, широк круг на теоретичари се сложуваат околу базичните премиси на хуманата безбедност. Таа се смета за различна но и комплементарна со традиционалното сфаќање на безбедноста (сврзано за државата). Иновацијата е во промената на фокусот, кој до крајот на Студената војна беше доминантно свртен кон заштитата на националните интереси, а кој сега треба да покаже дека не помалку важни се и интересите и благосостојбата на поединците, кои во одредени ситуации можат да бидат загрозени токму од националната држава (режим). Природата на новите безбедносни закани е таква што сопствената безбедност е зависна од онаа на другите, на соседите или дури и на луѓето од подалечните региони. Конечно, глобалната безбедност повеќе не зависи само од отсуството и елиминацијата на воените судири меѓу државите, туку и од остварувањето на универзалните човекови права. Иако конфликтите, и особено граѓанските и етничките судири, продолжуваат да претставуваат голема опасност, сепак светот е се повеќе подложен на друг вид на закани како што се оние поврзани со еколошки катастрофи, заразни болести, сиромаштија итн. Оттука се смета дека доскорешното инсистирање на политиката на националната безбедност е недоволно, па се наметнува потребата од пополнување на

вакуумот со една нова безбедносна политика која ќе ги земе предвид и новите закани, но и ќе го редефинира значењето на државниот суверенитет во новонастанатите околности.[5]

Тргнувајќи од сфаќањето дека новите безбедносни закани не признаваат граници (т.е. се транс-гранични), а по својата генеричка природа човечкото суштество е дел на една поширока заедница (човештвото), а не само на тесната национална/државна заедница – логичниот заклучок е дека хуманата безбедност е круцијална за меѓународната безбедност. Со други зборови, меѓународниот поредок не може да се потпира само на сувереноста и функционалноста на државите, бидејќи овој поредок истовремено зависи и од индивидуите и нивното чувство на (не)безбедност. Затоа хуманата безбедност значи напуштање на традиционалниот либерален интернационализам, кој меѓународниот поредок го гледа како структура која се потпира на разните меѓународни аранжмани (институции, норми, алијанси и сл.) кои им помагаат да се обезбеди интегритетот на либералната држава преку редуцирање на заканите кои произлегуваат од надворешното окружување на државата. Дефинирајќи го поединецот како главна референтна точка, парадигмата на хуманата безбедност тргнува од претпоставката дека сигурноста на поединецот е клучна за глобалната безбедност. Оттука, кога сигурноста на поединецот е загрозена, тоа значи дека фундаментално е загрозена и меѓународната безбедност.

Од промоцијата на хуманата безбедност во Извештајот за хуман развој од 1994 година, па до денес, се издвојуваат три основни концептуализации. Првата е резултат токму на извештајот на УНДП од 1994 година, со мултидимензионален пристап укажувајќи на нивоата на кои треба да се анализира хуманата безбедност. Вториот пристап беше промовиран од Јапонија со фокус на т.н. мрежа за социјална сигурност на поединците, развојна агенда и акцент на слободата од немаштијата (freedom from want). Третиот пристап, промовиран од Канада и Норвешка, е свртен кон намалување на страдањата и човечката цена на чинење на насилните конфликти – слобода од страв (freedom from fear). Заедничко за сите три пристапа е тоа што сите на концептот гледаат повеќе како на своевидна надворешна политика и како претекст за меѓународни интервенции од различен тип, предводени од меѓународни агенти или спроведувани како

---

[5] Group of authors, "Dialogue: What is Human Security?", *Security Dialogue*, vol.35, no. 3, September 2004, pp. 345-389.

интегрален дел на сопствената надворешна политика. Разликата е во агентот (ООН, алијанса или држава) и во средствата кои треба да доведат до остварување на целта. Додека Јапонија, на пример, акцентот го става на развојот, едукацијата, елиминацијата на сиромаштијата и невработеноста, социјалната и здравствената заштита, канадската верзија се залага за ефикасни хуманитарни интервенции и спасување на луѓето од иминентни воени закани, тортури, елиминации, етничко чистење итн. За разлика од нив, и покрај сложената мрежа на агенции и институции, ОН никогаш не успејаа хуманата безбедност да ја направат приоритет проследен со соодветна методологија на работа.

Условите за појава на концептот на хуманата безбедност беа создадени по крајот на Студената војна, кој беше проследен со бројни крвави внатрешни конфликти, облици на масовно кршење на човековите права, па дури и геноцид. Изгледаше дека се намалуваат условите за глобални воени конфронтации, па дури и бројот на меѓудржавни вооружени судири доживеа драстичен пад. Но, истовремено светот се соочи со слики на ужасни страдања на цели популации, кои беа под ударот или на сопствената држава или пак беа конфронтирани меѓу себе во контекст на држава во распад (failed state). Не случајно ОН излезе со сериозна анализа за состојбите во светот и бројот на загрозени човечки животи, како ургентна задача за која е потребна усогласена и координирана акција.

Во Извештајот за хуман развој од 1994 година, УНДП истакна: „Концептот на безбедноста премногу долго се интерпретира премногу тесно: како безбедноста на територијата од надворешна агресија или како заштита на националните интереси низ надворешната политика или како глобална безбедност од заканата од нуклеарен холокауст. Тој беше доведуван повеќе во врска со државите отколку со луѓето... кои бараат безбедност во своите секојдневни животи. За мнозина од нив, безбедноста симболизира заштите од заканите како зарази, глад, невработеност, криминал, општествен конфликт, политичка репресија и ризици поврзани со животната средина“.[6] Децидно наведување на заканите по безбедноста на луѓето беше избрано со очигледна намера да ги диференцира одделните категории на човекова небезбедност (здравје, храна, економија, лична, групна, политичка и еколошка) и да покаже дека предложениот концепт е

---

[6] UNDP *Human Development Report* 1994: 22.

сеопфатен и насочен и кон слободата од стравот и кон слободата од немаштијата. Дефиницијата на УНДП е фокусирана на поединците, па затоа е универзална и се состои од елементи кои се меѓузависни. Идејата на концептот е хуманата безбедност да се воспостави преку систем на рано предупредување, т.е. преку следење на индикатори за пореметување на човечкиот живот, како што се на пример – стапката на криминал, економска нееднаквост, болести, загадување на околината и сл. Само една година подоцна, дефиницијата за хуманата безбедност стана предмет на меѓународна дебата на т.н. Копенханшки социјален самит во 1995 година. Завршната декларација на конференцијата содржеше заложба за промовирање на социјалната интеграција преку градење на општества кои ќе бидат стабилни, безбедни и праведни, но тоа беше слаба замена за непостигнатиот консензус околу идејата за хумана безбедност. Доминираше ставот дека дефиницијата на хуманата безбедност на УНДП е прешироказ, идеалистичка и дека ги загрозува традиционалните сфаќања за националната безбедност. Наместо тоа, земјите на ЕУ се заложија за јакнење на стапката за општествен развој во контекст на општите национални политики, додека земјите на Г-77 продолжија цврсто да инсистираат на значењето на територијалниот интегритет и немешањето во внатрешните работи.

Во периодот 2001-2003 година, концептот беше ревитализиран низ две дебати предводени од Канада и Јапонија. Првата, иницирана од канадската Меѓународна комисија за интервенција и државен суверенитет, се фокусираше на одговорноста да се пружи заштита (responsibility to protect), а втората на одговорноста да се обезбеди развој (responsibility for development) предводена од јапонската Комисија за хумана безбедност. Двете концепции, иако поддржани од широк круг на држави, претставуваа вид на надворешна политика на играчи од средна категорија на глобалната сцена, а меѓу себе беа диференцирани по оската на своите приоритети – кон слободата од страв или слободата од немаштија. По нападите врз САД во 2001-та година, и консеквентното започнување на глобалната војна против тероризмот, некои автори почнаа да зборуваат за појава на една обратна формула – став од слободите (fear from freedoms) – идентификувајќи ја новонастанатата состојба како дополнителен отежнувачки фактор во светската промоција на целите на хуманата безбедност. Имено, поттикнати од стравот од терористички напади, САД и алијансата што тие ја предводат отворија глобална војна протов теро-

ризмот на начин кој сериозно го поткопува фундаментот на она што е хумана безбедност. Имено, либералните слободи и права на човеког и граѓанинот (и на оние во САД, ама и во земјите како Авганистан и Ирак) станаа жртва на потребата да се обезбеди поголемо ниво на национална безбедност. Во последните неколку години, пак, предизвикот се става во контекст на реформските агенди на ООН и на ЕУ.

### 3. Ново-говор или иновација: Доктрина на хумана безбедност за Европа

Крајот на Студената војна наместо мултиполаризам донесе унилатерализам наметнат од воената супрематија на единствената супер-сила. Но, во последната декада од 20 век старата Европска заедница се трансформираше во Европска Унија, што беше причина да се зборува за свет во кој дејствуваат два глобални актера, кои применуваат различни стратегии во сферата на меѓународните односи и меѓународната безбедност. Влијателната студија на Роберт Каган овој однос го опиша низ метафората за богот Марс (САД) и Венера (Европа).[7] Според него, „во однос на сите најважни прашања на моќта (силата) – ефикасноста, моралноста и пожелноста на моќта – американските и европските перспективи се дивергентни. Европа се оддалечува од силата, или кажано поинаку, таа се движи над силата во само-контролиран свет на закони и правила и на транснационални преговори и соработка. Таа влегува во пост-историскиот рај на мир и релативен просперитет, како реализација на Кантовиот „вечен мир". Соединетите држави, пак, остануваат заплеткани во историјата, практикувајќи ја силата во еден анархичен Хобсијански свет каде меѓународните норми и правила се несигурни и каде вистинската безбедност и одбрана и промоцијата на либералните вредности сè уште зависат од поседувањето и употребата на воената моќ. Затоа, во врска со главните стратешки и меѓународни прашања денес, Американците се од Марс, а Европејците се од Венера."

Но, точноста на Кагановите оценки е релативна. Кантовата визија е остварена само во контекст на европската „безбедносна заедница"[8] (меѓу државите-членки), иако е точно дека ЕУ повеќе се

---

[7] Kagan, R. (2002) „Power and Weakness", *Policy Review*, 113. И книгата: *Paradise and Power: America and Europe in the New World Order*, London: Atlantic Books, 2003.

потпира на дипломатија и преговори и во своите екстерни акции. Од друга страна, веќе неколку години под влијание на глобалните текови и доминацијата на САД, ЕУ почнува да се милитаризира, т.е. да го прифаќа сфаќањето дека е потребна и цврста безбедносна стратегија и настап во меѓународните односи.

Пресвртницата во односите меѓу САД и Европа, на начин на кој ги опишува Каган, претставуваше НАТО интервенцијата од 1999 година. Под претекст на хуманитарна интервенција, Алијансата предводена од САД започна воена воздушна кампања против СР Југославија. Акцијата започна без одобрение на Советот за безбедност на ОН и наспроти одредбите на меѓународното право. Европските држави се соочија со целосната претстава за прогресот на американската воена техника и технологија – и со сопствената воена инфериорност. Набргу, Самитот на ЕУ во Ница јасно ја покажа желбата на Унијата да ги зајакне своите одбранбени капацитети, како и да преземе поголема одговорност и удел во акциите на глобален план.

Размислувањата и постепената институционализација на т.н. Заедничка надворешна и безбедносна политика на Унијата датираат уште од Договорот од Мастрихт, кога таа стана втор столб на структурата на ЕУ. Сепак, компромисот направен во Договорот претставуваше сложена комбинација на изјави, условувања и декларации, но најголемиот број на значајни прашања беше оставен да се допрецизира во недефиниран временски рок.[9] Амстердамскиот договор воведе значајни промени, а особено придонесе за формулација на т.н. заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (ЕБОП). На состанокот во Лакен (декември 2001 година) Европскиот совет усвои декларација за оперативните капацитети на ЕБОП, официјално признавајќи дека Унијата е подготвена да изведува операции во кризниот менаџмент. Овој состанок и неговите заклучоци, според аналитичарите, треба да се разгледуваат во светлина на настаните на Косово. Но уште порано, прифаќајќи ги и инкорпорирајќи ги во своите акти т.н. Петерсбуршки задачи дефинирани од НАТО во 1992

[8] Карл Дојч беше првиот кој го популкаризираше терминот безбедносна заедница, како ознака за група на држави кои меѓу себе развиле такви односи, кои војната меѓу нив ја направиле трајно незамислива, или барем малку веројатна. Karl W. Deutsch et all, *Political Community and the North Atlantic Area,* (Princeton: Princeton University Press, 1957).

[9] Thilo Marauhn, *Building a European Security and Defence Identity: The evolving relationship between the Western European Union and the European Union*, Bochum: Universitätsverlag Brockmeyer, 1996: 83.

година, Унијата веќе призна дека постои невидлива папочна врвка меѓу сфаќањето на безбедноста во Алијансата и меѓу нејзините членки. Овие задачи ги дефинираат хуманитарните аспекти на модерното војување, во вид на хуманитарни, спасувачки мисии, мисии на чување на мирот и на градење на мирот. Очигледно, прогресот во сфаќањето на Европската безбедност беше резултат на настаните во Косово и НАТО интервенцијата.[10] Во Лакен беше договорено Високиот претставник за надворешна и безбедносна политика да биде институцијата која ќе ја раководи и насочува оваа дејност. Беше договорено и да се создадат неопходни институционални и воени претпоставки за соодветно функционирање на т.н. кризен менаџмент.[11] На Самитот во Хелсинки во 1999 година беше донесена одлука за создавање на мобилна интервентна група (50-60 илјади луѓе под името на Сили за брза интервенција) до 2003 година. Сепак, ЕУ ја призна водечката улога на НАТО во реализацијата на европската одбрана.

Во контекст на ваквиот развој на размислувањата во ЕУ, доаѓа и предлогот на Хавиер Солана со име Доктрина на хумана безбедност за Европа.[12] Навидум ЕУ настојува да го задржи профилот на мека сила (Венера) и да креира не-американски одговор на глобалните закани. Документот вели: „Многу луѓе во светот водат неприфатливо небезедни животи. Во многу случаи, небезбедноста е последица на конфликти во кои цивилите се намерна цел на напади, а ваквите акции минуваат неказнето. Во ера на глобална меѓузависност, Европејците не можат повеќе да се чувствуваат безбедни кога големи делови од светот се небезбедни. Во изминатите неколку години, ЕУ развиваше заедничка безбедносна политика. Во декември 2003 година Европскиот совет се согласи да донесе Европска безбедносна стратегија (ЕБС), која застапува превентивно ангажирање и ефективен мултилатерализам. Овој документ е заради имплементација на ЕБС. Тој укажува дека на Европа и требаат капацитети за да даде поголем придонес во глобалната безбедност. Неа и требаат воени сили, но воените сили треба да бидат конфигурирани и

---

[10] Günther Joetze, *The European security Landscape after Kosovo*, Bonn: ZEI-discussion paper C64, 2000

[11] Види повеќе: www.euorpa.eu.int 20.1.2001

[12] Документот наречен Доктрина на хумана безбедност за Европа беше нарачан од Солана, а го изработи група на експерти (Студиска група за Европските безбедносни капацитети). Тој беше презентиран на 15 септември 2004, а го доби името Барселонски Извештај. Целосниот Извештај може да се прочита на следната интернет страница:
www.lse.ac.uk/Depts/global/Publications/HumanSecurityDoctrine.pdf

употребени на нови начини.“ Доктрината се фокусира на регионалните конфликти и пропаднатите држави (failed states), кои се извор на нови глобални закани вклучувајќи ги тука и тероризмот, средставата за масовно уништување и организираниот криминал.

Заради справување со овие закани, ЕУ предвидува создавање на сили наречени Сила за одговор на хуманата безбедност (Human Security Response Force), составена од 15 илјади лица, од кои една третина би била цивили. Силите би се издвоиле од веќе постоечките воени и цивилни контингенти понудени од државите-членки, како и од Доброволечка служба за хумана безбедност. Предвидена е троделна структура на силите за имплементација на хуманата безбедност во ЕУ верзија. Првиот дел се состои од Штаб во Брисел кој би бил составен од стратешки планери, со капацитети за анализа на разузнавачките информации, како и цивилно-воен центар за кризен менаџмент, со капацитет да ги оцени колку и какви цивилни и воени капацитети ќе бидат потребни во дадена кризна ситуација. Втората компонента се состои од 5,000 лица персонал кој би се држел на високо ниво на готовност со можност од распоредување во рок од неколку дена. Тие би се состоеле од цивилно-воени тимови, команда и контролни штабови кои би можеле да се распоредат на теренот. Тие се замислени да бидат во постојана готовност и заеднички тренинг „дишејќи низ идејата за хумана безбедност“. Третата компонента би ги опфатила преостанатите 10,000 лица, кои би биле на пониско ниво на готовност но би можеле да се распоредат на терен и кои периодично би тренирале и вежбале заедно. Во Доброволечките сили би учествувале претставници на регистрирани невладини организации, но и поединци, кои по пат на склучен договор би биле обврзани на тренинг и учество во заеднички вежби. Приватните корпорации и контрактори, пред да се ангажираат за пружање логистика и комуникациски услуги, ќе се ангажираат по пат на тендери, но нема да претставуваат интегрален дел на Силите за хумана безбедност. Од материјално-техничка и логистичка гледна точка, Силите ќе располагаат со штабни структури, товарни авиони и други средства за транспорт, џипови и хеликоптери, комуникациски системи и сл. Според документот, средствата мораат да бидат компатибилни и интероперабилни поеднакво меѓу државите членки, како и меѓу цивилните и воените капацитети кои ќе се користат. Со други зборови, станува збор за прифаќање на НАТО стандардите и во овие мисии.

Голем број мировни активисти во Европа веќе ја изразија својата скепса во врска со предложената Доктрина. Според нив, треба да се прави разлика му реториката и стварноста, односно дека ЕУ се претставува себе си како „мека сила“ а истовремено се изградува како „цврста сила“. Пристапот што тие го предлагаат претпоставува не пост-фестум реакции, туку адресирање на причините за конфликтите и хуманата небезбедност, т.е. растечкиот јаз меѓу богатите и сиромашните држави и кршењето на човековите права. За жал, новата Доктрина на ЕУ нема визија за рано предупредување и превенција и ги игнорира причините за небезбедноста, фокусирајќи се целосно на отстранување или намалување на последиците. Во своето настојување да прерасне во глобален играч, таа очигледно ќе се фокусира на т.н. CNN-конфликти (т.е. оние во фаза на крвава ескалација), запоставувајќи ги дури и сопствените загрижувачки состојби (маргинализацијата на расните малцинства во Франција).

## 4. Наместо заклучок: Обид за теориски одговор за сегашното сфаќање на хуманата безбедност

Во однос на акцептирањето на оксиморонот хумана безбедност, академската заедница е со право претпазлива. Безбедноста станува не аналитички, туку вредносно-обоен (позитивен) термин. Напуштањето на традиционалната безбедносна агенда, која беше исклучиво свртена кон државата, нејзиниот опстанок и одбраната на националните интереси, доведе до преопасна екстензија и етикетирање како безбедносни проблеми на широк спектар на прашања (од политичка, економска, еколошка или друга општествена природа). Познатата секторска анализа на безбедноста има силна аналитичка потенција особено во поглед на објаснувањето како небезбедноста од економско-социјалната сфера се прелева во политичката, и конечно може да ескалира во воена форма. Но, хуманата безбедност сфатена како безбедност на човекот (поединецот) се наметнува како концепт кој има моќ да се наметне во сите овие секторски анализи, а во своето преголемо ширење на крајот да ја изгуби својата суштина – т.е. да стане прашање на се и сешто, но и на ништо конкретно. Пронаоѓањето на хумана небезбедност може да биде користено (злоупотребено) како претекст за разни (и воени) интервенции, а при тоа воопшто и да се нема во вид некаква

приоритизација на најургентните потреби на човекот и соодветната акција за нивно задоволување.

Хуманата безбедност, без оглед на широката прифатеност и популарност кај меѓународната заедница, не е сосема оригинален концепт. Значајни аспекти на неговата суштина беа одамна предочени низ неколку други концепта, како оние за теоријата за позитивен мир, теоријата на развојот, базичните човекови потреби (basic human needs), но и во универзалната филозофија на човековите права и слободи. Она што ги поврзува овие развиени концепции е потрагата по вистинските корени на насилството (т.е. небезбедноста) и во уверувањето дека мирот и безбедноста можат да се вистински втемелени и одржливи само ако почиваат на мир со мирни средства.

Според Галтунговата теорија[13] за да мирот (безбедноста) биде вистински и траен, тој треба да се потпира на позитивни и стабилни мировни структури. Тоа значи дека мирот е нешто повеќе од негативен мир (отсуство на директно насилство), бидејќи претпоставува елиминација или барем редукција на структуралното насилство, т.е. немаштијата и неправдата вградени во општествениот и државниот систем – но и во меѓународниот поредок. Очигледно, позитивниот мир во голема мерка претставува синоним за она што денес модерно се нарекува хумана безбедност.[14]

Според теоријата на развојот, се смета дека човечкиот развој и позитивниот мир се две сфери кои се преклопуваат во еден дел, кој токму може да се нарече хумана безбедност. Ова се должи на тоа што крајната цел на хуманата безбедност треба да се бара во преклопувањето на условите за развојот на индивидуалните способности (како што вели Амартиа Сен) и создавањето на општество ослободено од структурално насилство, како што е сиромаштијата и дискриминацијата (според Галтунг). Со други зборови, станува збор за изградба на општество во кое се респектираат индивидуалните човекови права и социјалната правда. Тоа се цели кои не можат да се остварат со употреба на воени средства и милитаризирани методи.

Според некои, извориштето на хуманата безбедност треба да се бара во токму во теоријата на базичните човечки потреби.[15] Без намера да се елаборира подлабоко оваа теориска врска, доволно е да се каже дека главно прашање е дефинирањето на хиерархијата на човековите

---

[13] Johan Galtung, "Violence, Peace, and Peace Research", vo knigata *Peace: Research, Education, Action. Essays in Peace Research. Volume I* (Copenhagen: Christian Ejlers Forlag, 1975).

[14] Bjoern Muller, "National, Societal and Human Security", *COPRI Working Paper*, No. 37, 2000

[15] Burton John, *Conflict: Resolution and Prevention,* St. Martine's Press, New York, 1990.

потреби, кое пак е секогаш зависно од социјалниот контекст во кој се поставува прашањето. Затоа, некаква универзална дефиниција не е ниту можна ниту продуктивна. Второто суштинско прашање се однесува на идентификацијата на оние кои можат (требаат) да го обезбедат задоволувањето на основните човечки потреби. Тоа е начин концептот да стане мерлив и апликабилен на повеќе нивоа.

Атрактивноста на концептот на хумана безбедност не смее да ја запостави неговата научна заснованост. Наместо инсистирање на иновации по секоја цена, можеби треба да се размисли за синтетизирана теорија која би ги вградила сознанијата и принципите веќе потврдени низ други втемелени научни концепти, со таква апликабилна вредност која од нив прави приоритети за кои не се преговара во современиот свет.

(Рецензент: *проф. д-р Марина Митревска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Burton John, *Conflict: Resolution and Prevention,* St. Martine's Press, New York, 1990.

Carothers Thomas, „Think Again: Civil Society", *Foreign Policy*, Winter 1999-2000

Deutsch Karl W. et all, *Political Community and the North Atlantic Area,* Princeton: Princeton University Press, 1957.

Galtung Johan, *Peace: Research, Education, Action. Essays in Peace Research. Volume I* Copenhagen: Christian Ejlers Forlag, 1975

Joetze Günther, *The European security Landscape after Kosovo*, Bonn: ZEI-discussion paper C64, 2000.

Kagan Robert, *Paradise and Power: America and Europe in the New World Order*, London: Atlantic Books, 2003.

Lipschutz Ronnie (ed.), *On Security*, New York: Columbia University Press, 1995.

Mack Andrew, „Conflict Prevention: Academic Research and the Policy Community", *Journal of Peace Research*, vol. 39, no. 5, 2002.

Marauhn Thilo, *Building a European Security and Defence Identity: The evolving relationship between the Western European Union and the European Union*, Bochum: Universitätsverlag Brockmeyer, 1996.

Muller Bjoern, „National, Societal and Human Security“, *COPRI Working Paper*, no. 37, 2000.

Paris Roland, „Human Security: Paradigm Shift or Hot Air?“, *International Security,* vol. 26, no.2, 2001.

Biljana VANKOVSKA

## HUMANSECURITY: BETWEEN SCIENCE AND GLOBAL POLITICS

### Abstract

*Human security concept is one of the most frequently used justifications for the actions of various international organizations and institutions, but as the analysis shows, it is still a matter of numerous dilemmas in the academic theory. In the last few years, human security has become an object of securitization that allows various problems of human existence to be brought into the security sphere and to be resolved through security-related mechanisms. The latest example is the attempt to promote a new EU foreign and security policy through a document called Doctrine of human security for Europe. One can conclude that the most powerful states and global actors see human security as a sort of a foreign policy, which often tends to be militarized to a certain degree. From a theoretical point of view, human security may be hybrid and unclear scholarly concept but it is compatible with already well-developed concepts of human rights, positive peace and basic human needs.*

***Keywords:*** *HUMAN SECURITY, SECURITIZATION, CONFLICT,* UN, EU.